Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став (1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 17.09.2021 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

I

**СЕ ОТПОВИКУВААТ** одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 109926 и 111805 издадени од Агенцијата за електронски комуникации на корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса во Скопје на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, по барање на корисникот.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

III

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобренија за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 109926 и 111805 на корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со адреса во Скопје на Плоштад Пресвета Богородица бр.1.

Корисникот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје до Агенцијата за електронски комуникации на ден 16.09.2021 година достави барање за отповикување на одобренијата за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентни броеви 109926, 111427 и 111805.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

Напоменуваме дека одобрението за користење на радиофреквенции во фиксна служба со евидентен број 111427 е отповикано на ден 27.08.2021 година по решение број

УП1-бр.0802-613.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.**

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-633
Скопје, 21.09.2021

Изработил: Раководител на одделение за фиксна и мобилна служба: Радка Шекутковска
17.09.2021

Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

Советник на директорот за радиокомуникации и контрола и мониторинг на радиофреквенции:
Игор Бојаџиев

**Директор,**
**Jeton Akiku**

Доставено до:
- странка
- архива
- Сектор за радиокомуникации
- Сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите
- Сектор за финансии и сметководство

АЕК-301.17